Macedonian

# ДИСКРИМИНАЦИЈА.



## СЕ УШТЕ Е НЕЗАКОНСКИ ДА СЕ ПРАВИ ТОА.

equal opportunity commission victoria

An independent statutory body, accountable to the Victorian Parliament

OFFICE OF THE WORKPLACE RIGHTS ADVOCATE

A Victorian Government initiative

State Government Victoria

**Со неодамнешните измени на законите за работни односи, Сојузната влада ги намали правата на работниците. Меѓутоа, Законите во Викторија за еднакви можности се уште ги штитат вработените од дискриминација на работното место. Незаконски е да ве дискриминираат врз основа на вашиот пол, возраст, бременост, онеспособеност, статусот на родител или негувател.**

# ДИСКРИМИНАЦИЈА. СЕ УШТЕ Е НЕЗАКОНСКИ ДА СЕ ПРАВИ ТОА.



## БРЕМЕНОСТА И РАБОТАТА

Ако сте бремени

- Не треба да ве одбијат кога ќе конкурирате за работа или на разговорот за работа да ве прашуваат лични прашања во врска со вашата бременост
- Не треба да ве отпуштат од работа или да ве деградираат во однос на работното место
- И понатаму имате право на унапредување, преместување, додаток за продуктивност во работата, обука или било кои други бенефиции

Кога ќе се вратите на работа после користењето на породилно отсуство

- Треба да се вратите на истата или слична работа
- Не треба да ве присилат да го намалите бројот на работните часови или да започнете да работите на повик
- Сериозно треба да го разгледаат вашето барање да работите со скратено работно време или помал број на часови

## РОДИТЕЛИТЕ И РАБОТАТА

Ако сте родител

- Не треба да ве отпуштат од работа или да ве деградираат во однос на работното место заради обврските што ги имате како родител
- Сериозно треба да го разгледаат вашето барање за флексибилно работно време, како на пример, да работите со скратено работно време или помалку часови, да го измените времето кога започнувате или завршувате на работа и да бидете распоредени на должности соодветни за лица со семејства
- Не треба да ве казнат ако земете одмор во случај на нужда

## НЕГУВАТЕЛИТЕ И РАБОТАТА

Ако сте негувател кој е одговорен за дете или некој друг член од семејството

- Не треба да ве отпуштат од работа или да ве деградираат во однос на работното место заради обврските што ги имате како негувател
- Не треба да ве присилат да го намалите бројот на работните часови или да започнете да работите на повик
- Сериозно треба да го разгледаат вашето барање за флексибилно работно време, како на пример, да работите со скратено работно време или помалку часови
- Не треба да ве казнат ако земете одмор во случај на нужда

## ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

Јавете со во Комисијата за еднакви можности на Викторија (Equal Opportunity Commission Victoria) за да поднесете жалба против дискриминација. Комисијата донесува решенија во врска со жалбите бесплатно, едноставно и доверливо и за тоа не ви треба адвокат. По барање, можете бесплатно да користите преведувач.

**ТЕЛЕФОНИРАЈТЕ** за совет на (03) 9281 7100 (за бесплатни регионални повици телефонирајте на 1800 134 142)

**ПОСЕТЕТЕ** ги Интернет страните www.eoc.vic.gov.au

**ИСПРАТЕТЕ** ги вашите жалби по електронска пошта на complaints@ eoc.vic.gov.au

ДИСКРИМИНАЦИЈА. СЕ УШТЕ Е НЕЗАКОНСКИ ДА СЕ ПРАВИ ТОА. ОВАА КАМПАЊА Е ЗАЕДНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА НА:

equal opportunity commission victoria

An independent statutory body, accountable to the Victorian Parliament

OFFICE OF THE WORKPLACE RIGHTS ADVOCATE

Викторијанската Канцеларијата на застапникот за права на работното место (Victorian Workplace Rights Advocate) се залага за праведно вработување и нуди информации за работните договори.

Посетете ги Интернет страните www.workplacerights.vic.gov.au или телефонирајте на 1300 882 648.